**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**
***Одделение за урбанизам, зжс и комунални дејности***
**Број 11-1074/5 од 23.11.2023 год**

Врз основа на член 50 и член 63 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), член 15 став 1 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар (03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21) и член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20 и 111/23), Градоначалникот на Општина Демир Хисар , по доставен Записник и Предлог за одобрување на Проектна програма од страна на Комисијата за урбанизам, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се одобрува Проектна Програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1- Сообраќајни инфраструктури, Е1.1-Јавни патишта со пратечки градби и инсталации, ЗА ИЗГРАДБА НА ДЕЛ ОД СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА СО МОСТ НА РЕКА ЖУРЕШНИЦА КАЈ СЕЛО ЖУРЧЕ, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР на делови од КП 1368, 1369, 1370, 1371, 1372, 1402, 1403, 1404, 1407, 2351, 2363 и 2367, КО Журче, Општина Демир Хисар.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Инвеститорот Општина Демир Хисар, со седиште на ул,,Битолска" број 8, Демир Хисар , преку овластениот полномошник ,,ИНГРА ДООЕЛ" Скопје, со седиште на ул.,,Скупи 3А" бр.40А Скопје-Карпош и ЕМБС 5106745, поднесе барање преку информацискиот систем е-урбанизам заведено под број 11-1074/1 од 24.10.2023 година, за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1-Сообраќајни инфраструктури, Е1.1-Јавни патишта со пратечки градби и инсталации, ЗА ИЗГРАДБА НА ДЕЛ ОД СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА СО МОСТ НА РЕКА ЖУРЕШНИЦА КАЈ СЕЛО ЖУРЧЕ, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР на делови од КП 1368, 1369, 1370, 1371, 1372, 1402, 1403, 1404, 1407, 2351, 2363 и 2367, КО Журче, Општина Демир Хисар, изработена од ,,ИНГРА ДООЕЛ" Скопје, кој поседува лиценца за изработка на Урбанистички планови број 0096, издадена од Министерство за транспорт и врски на 24.07.2019 година, со важност до 14.03.2024 година.

Со барањето ја приложи следната документација:

- Барање за одобрување на Планска програма со број 11-1074/1 од 24.10.2023 година
- Предлог Проектна програма со техн.бр.61/23 од јули 2023 година

- Услови за планирање на просторот издадени од АПП со тех.бр. Y40923 од септември 2023
- Решение за услови за планирање на просторот со Арх.бр. УП1 -15 2069/2023 од 05.10.2023 година издадено од МЖСПП-Сектор за просторно планирање
- Полномошно од инвеститор со број 11-сл од 11.07.2023 година

Градоначалникот на Општина демир Хисар постапувајќи согласно член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање изврши увид во доставената документација, а по предлогот за одобрување на комисијата за урбанизам на Општина Демир Хисар со кој се потврдува дека урбанистичкиот проект е изработен во согласност со ЗУП и прописите донесени врз основа на овој закон, констатира дека се исполнети условите за **одобрување на проектната програма.**

Врз основа на гореизнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

*Изработил*: Клара Тодоровска, диа

Klara Todorovska
Digitally signed by Klara Todorovska
Date: 2023.11.21 14:41:47 +01'00'

Општина Демир Хисар
Градоначалник

**Никола Најдовски**

Nikola Najdovski
Digitally signed by Nikola Najdovski
DN: C=MK, OU=VAT - 4010004103602, OID.2.5.4.97=NTRMK-6011012, O=Opstina Demir Hisar, SERIALNUMBER=166413, T=Gradonacalnik, SN=Najdovski, G=Nikola, CN=Nikola Najdovski
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2023-11-23 11:39:30